**Закон за Геолошкиот завод на Република Македонија**
**Пречистен текст - Работна верзија**
**(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 41/14, 61/16 и 64/18)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**
Со овој закон се уредуваат основањето, работата, надлежностите, раководењето и финансирањето на Геолошкиот завод на Република Македонија.

## II. ОСНОВАЊЕ

**Член 2**
Геолошкиот завод на Република Македонија се основа заради вршење на основните геолошките истражувања од јавен интерес на Република Македонија.

**Член 3**
(1) Геолошкиот завод на Република Македонија е стручна, самостојна, управна организација со надлежности утврдени со овој и друг закон.
(2) Полниот назив на Геолошкиот завод е Геолошки завод на Република Македонија (во натамошниот текст: Геолошкиот завод).
(3) Геолошкиот завод има својство на правно лице.
(4) Седиштето на Геолошкиот завод е во Скопје.

## III. НАДЛЕЖНОСТИ НА ГЕОЛОШКИОТ ЗАВОД

**Член 4**
Геолошкиот завод е надлежен да:
- врши истражувачки, стручно аналитички и други работи од областа на основните геолошки истражувања кои се од јавен интерес на Република Македонија, а кои се однесуваат на изработка на основните геолошки, хидрогеолошки, инженерско-геолошки, геохемиски и сеизмотектонски карти и други геолошки карти;
- врши подготовка за нивно печатење,
- врши утврдување на закономерноста на концентрацијата и разместувањето на природните минерални суровини во земјината кора,
- ги подготвува геолошките подлоги за просторно планирање, градежништво, водоснабдување, земјоделство, шумарство, урбанизација и изградба на инфраструктурни објекти,
- учествува во изработката на стратегијата за геолошки истражувања, одржливо искористување и експлоатација на минералните суровини,

- воспоставува контакти со меѓународни геолошки институции преку размена на геолошки информации, за геолошкиот состав и структура на земјината кора, подготвува и реализира заеднички истражувачки проекти,
- ги подготвува податоците за меѓународниот геолошки информациски систем и за Националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија од областа на геологијата;
- ја предлага програмата за основните геолошки истражувања на просторот на Република Македонија до Владата на Република Македонија,
- врши архивирање, управување и издавање на геолошка документација и геолошки податоци од научните, проспекциските, основните и деталните геолошки истражувања, резултати во сопственост на Република Македонија и на геолошката документација за утврдување на геолошките, хидрогеолошките и геотехничките особини на тлото за потребите на изградба на објекти;
- води катастар на наоѓалишта и појави на минерални суровини во Република Македонија;
- дава геолошки услуги за подготовка на геолошка документација во нестандардни формати;
- го креира и да го развива единствениот геолошки информациски систем на Република Македонија (во натамошен текст: ГИСРМ) и и да дава информации и податоци на корисниците на резултатите од геолошките истражувања.
- врши и други работи пропишани со овој и друг закон.

**Член 4-а**

(1) Геолошки истражувања за утврдување на геолошките, хидрогеолошките и геотехничките особини на тлото за потребите на изградба на објекти, просторно планирање, уредување на просторот и заштита и унапредување на животната средина може да вршат правни лица кои имаат овластување за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања согласно со Законот за минерални суровини.

(2) Геолошката документација од геолошките истражувања за утврдување на геолошките, хидрогеолошките и геотехничките особини на тлото за потребите на изградба на објекти, просторно планирање, уредување на просторот и заштита и унапредување на животната средина се состои од:
- проект за вршење на геолошки истражувања и
- елаборат за извршени геолошки истражувања.

(3) Содржината и начинот на изработка на геолошката документација од ставот (2) на овој член ги пропишува директорот на Геолошкиот завод.

(4) Основните геолошки подлоги (геолошките карти и геолошки податоци за определен простор), потребни за изработка на геолошката документација од ставот (2) на овој член се обезбедуваат од Геолошкиот завод.

(5) Начинот на прибирање, чување, заштита и издавање на геолошката документација од ставот (2) на овој член ги пропишува директорот на Геолошкиот завод.

**Член 4-б**

(1) Заради проверка и контрола во поглед на пропишаните мерки, стандарди и технички нормативи за заштита при работа, сигурноста на луѓето, на подземните, површинските и соседните објекти и заштитата на животната средина, како и во поглед на примената на современите достигнувања и методи во геологијата и другите научни и технички дисциплини над изработената геолошка документација од геолошките истражувања за утврдување на геолошките, хидрогеолошките и геотехничките особини на тлото за потребите на изградба на објекти, просторно планирање, уредување на просторот и заштита и унапредување на животната средина се врши стручна оцена (ревизија).

(2) Стручната оцена (ревизија) на геолошката документација од ставот (1) на овој член ја врши комисија за ревизија која ја формира директорот Геолошкиот завод.

(3) За членови на комисијата од ставот (2) на овој член може да бидат именувани лица кои поседуваат лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања, согласно со Законот за минерални суровини.

(4) Комисијата од ставот (2) на овој член се состои од претседател, најмалку двајца членови и секретар. Претседателот и членовите на Комисијата треба да поседуваат лиценца за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања. На претседателот и членовите кои се од редовите на надворешните членови - експерти и кои не се вработени во органите на државната управа за секоја извршена стручна оцена (ревизија) им следува надоместок, кој е на товар на подносителот на барањето за вршење на стручната оцена (ревизија). Висината на надоместокот на членовите на Комисијата се утврдува врз основа на сторени трошоци за патување, учество на седници, потребнио време за разгледување на геолошката документација и изготвување на ревидентски извештаи.

(5) Надоместокот од ставот (4) од овој член е приход на Буџетот на Република Македонија.

(6) Висината на надоместоците за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација од геолошките истражувања за утврдување на геолошките, хидрогеолошките и геотехничките особини на тлото за потребите на изградба на објекти, просторно планирање, уредување на просторот и заштита и унапредување на животната средина врз основа на реално направените трошоци определени, како и висината на надоместокот за работа на членовите на Комисијата се утврдуваат со тарифник кој го донесува директорот на Геолошкиот завод по претходна согласност на Владата на Република Македонија.

(7) Барање за вршење на стручната оцена (ревизија) поднесува имателот на геолошката документација од геолошките истражувања за утврдување на геолошките, хидрогеолошките и геотехничките особини на тлото за потребите на изградба на објекти, просторно планирање, уредување на просторот и заштита и унапредување на животната средина.

(8) Начинот на работа на Комисијата се уредува со деловник.

**Член 4-в**

(1) Катастар на наоѓалишта и појави на минерални суровини (во натамошниот текст: Катастарот) е јавна книга во која се води историја на податоци за сите наоѓалишта и појави на минерални суровини (метални, неметални и енергетски), подземните води (термални, минерални и термоминерални, подземни води и подземни гасови) како и подземните гасови.

(2) Со Катастарот се прибират просторни податоци, а со цел увид со состојбата со минералните суровини, создавање на услови за планирање на геолошките истражувања и планска експлоатација, односно оптимално користење на минералните суровини во Рпублика Македонија.

(3) Во Катастарот се внесуваат особено следниве податоци:

- основни податоци за наоѓалиштето,
- геолошки податоци за наоѓалиштето,
- податоци за геолошки резерви во наоѓалиштето,
- податоци за рудни резерви во наоѓалиштето и
- податоци за постоечка документација.

(4) Во Катастарот се внесуваат податоци за наоѓалишта на минерална суровина, рудни и минерални појави, техногени наогалишта и издадени простори под концесии за проспекциски геолошки истражувања, детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини.

(5) Формата, содржината и начинот на водење на Катастарот ги пропишува директорот на Геолошкиот завод.

**Член 5**

Во извршување на своите надлежности Геолошкиот завод изготвува:

- годишна програма за основните геолошки истражувања во Република Македонија, која ја доставува до Владата на Република Македонија на усвојување најдоцна до 31 јануари,
- годишен извештај за реализација на програмата за основните геолошки истражувања, кој го доставува до Владата на Република Македонија на усвојување најдоцна до 31 март и
- годишен извештај за работата на Геолошкиот завод, кој го доставува до Владата на Република Македонија на усвојување најдоцна до 31 март.

## IV. ПРИНЦИПИ НА РАБОТЕЊЕ НА ГЕОЛОШКИОТ ЗАВОД

**Член 6**

Работењето на Геолошкиот завод се заснова врз принципи на:

1) законитост;
2) стручност;
3) професионалност;
4) транспарентност и
5) одговорност за работењето.

## V. РАКОВОДЕЊЕ СО ГЕОЛОШКИОТ ЗАВОД

**Член 7**

(1) Со Геолошкиот завод раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија за време од четири години, со право повторно да биде именуван.
(2) За именување на директор се објавува јавен оглас кој се објавува во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.
(3) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на геологијата;
4) има минимум пет години работно искуство;
5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).
(4) На директорот функцијата може да му престане со негово разрешување или во случај на смрт.
(5) Директорот се разрешува:
- ако тоа сам го побара,
- во случај на спреченост на вршење на функцијата поради болест во траење подолго од шест месеци непрекинато,
- ако биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор во траење од најмалку шест месеци,
- ако се утврдат неправилности во неговото материјално - финансиско работење, поради што е нанесена штета на Геолошкиот завод и
- поради нестручно, пристрасно и несовесно вршење на функцијата и надлежностите кои му се доверени.

**Член 8**

Директорот на Геолошкиот завод ги врши следниве работи:
- раководи со работата на Геолошкиот завод,
- го претставува и застапува Геолошкиот завод,
- ја организира реализацијата на годишната програма за основни геолошки истражувања на Геолошкиот завод,

- го подготвува годишниот извештај за работа на Геолошкиот завод,
- формира комисии за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошката документација од геолошки истражувања за утврдување на геолошките, хидрогеолошките и геотехничките особини на тлото за потребите на изградба на објекти, просторно планирање, уредување на просторот и заштита и унапредување на животната средина;
- склучува договори со стручни лица и правни субјекти за конкретни геолошки работи во функција на реализација на програмата за основни геолошки истражувања,
- склучува договори за билатерална и мултилатерална соработка,
- одговара за стручното и законито работење на Геолошкиот завод и
- врши други работи утврдени со закон.
- склучува договори со стручни лица и правни субјекти за конкретни геолошки работи во функција на подготовка, обработка и реализација на единствениот геолошки информациски систем на Република Македонија и меѓународниот геолошки информациски систем.

**Член 9**

(1) Директорот на Геолошкиот завод формира советодавни тела и ангажира надворешни соработници по пат на јавен конкурс.
(2) Членовите на советодавните тела и надворешните соработници од ставот (1) на овој член ги избира директорот од редот на кандидатите кои ги исполниле условите утврдени со јавниот конкурс.

## VI.ФИНАНСИРАЊЕ НА ГЕОЛОШКИОТ ЗАВОД

**Член 10**

(1) Средствата за вршење на работите од надлежност на Геолошкиот завод се обезбедуваат од:
- Буџетот на Република Македонија,
- Приходи од надоместоци за користење и увид во податоците од геолошкиот информативен систем и за користење на резултатите од геолошките истражувања,
- Приходи од подготовка и реализација на истражувачки проекти со меѓународни геолошки и други институции,
- Приходи од подготовка на геолошки подлоги за просторно планирање, градежништво, водоснабдување, земјоделство, шумарство, урбанизација и изградба на инфраструктурни објекти,
- Приходи од вршење на истражувачки, стручно аналитички и други работи од областа на геолошките истражувања,
- Приходи од услуги, семинари и други активности од областа на геологијата,
- Донации и грантови и
- Други извори согласно со закон.

(2) Приходите од надоместоци треба да се користат за покривање на трошоците за тековното работење, развој, надоместоци на вработените и за вршење на други активности на Геолошкиот завод.

(3) Висината на надоместокот за користење и увид во податоците од Геолошкиот информативен систем, како и за користење на резултатите од геолошките истражувања се утврдуваат со тарифник кој го донесува директорот на Геолошкиот завод по претходна согласност на Владата на Република Македонија.
(4) Надоместокот за користење на геолошки подлоги и податоци не се наплаќа кога истите се издаваат за вршење на научни геолошки истражувања согласно со Законот за минерални суровини, а кои не се користат за формирање на нови производи со додадена вредност во комерцијални цели.
(5) Надоместокот за користење на геолошки подлоги и податоци не се наплаќа кога податоците се издаваат за сопствени потреби на министерствата. Доколку министерствата податоците ги бараат за трети лица, за користење на истите се должни да платат надоместок.
(6) Доколку со работата на Геолошкиот завод се остварат поголеми приходи од расходи, истите треба да се употребат за осовременување, унапредување на работата и опремување, како и за стимулирање на научната истражувачка дејност.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**
(1) Владата на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на започнувањето на примената на овој закон ќе го именува директорот на Геолошкиот завод.
(2) Директорот на Геолошкиот завод е должен во рок од 30 дена од денот на именувањето да изврши упис во Централен регистар на Република Македонија.

**Член 12**
Годишната програма за основни геолошки истражувања за 2013 година ќе ја изготви органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, а ќе ја реализира Геолошкиот завод.

**Член 13**
Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2013 година.

**ОДРЕДБИ ОД ДРУГИ ЗАКОНИ**

Закон за изменување и дополнување на Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/2014):

**Член 2**

Директорот на Геолошкиот завод именуван до денот на започнувањето на примената на членот 1 од овој закон, продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Закон за изменување и дополнување на Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/2014):

**Член 3**

Одредбите од членот 1 од овој закон кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2016):

**Член 6**

Катастарот за наоѓалишта и појави на минерални суровини ќе се востанови од 1 јануари 2018 година.

**Член 7**

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Закон за изменување и дополнување на Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2016):

**Член 8**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Закон за изменување и дополнување на Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/2018):

**Член 2**

Одредбите од членот 7 став (3) точка 5) од Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 136/12, 41/14 и 61/16) и одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 7 став (3) точка 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Закон за изменување и дополнување на Законот за Геолошкиот завод на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/2018):

**Член 3**

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на англиски јазик

најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.
На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на англиски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.